РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Број 1102-46/2
29.10.2025 година

АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

# ЗАПИСНИК

од дваесет и осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации за 2025-та година

Дваесет и осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 29.10.2025-та година во 12:00 часот.

Присутни: Претседателот на Комисијата, Проф. д-р. Орце Симов, Потпретседателот на Комисијата, Анкица Трпковска, членовите на Комисијата, Анѓелка Диневска, Насер Адеми и Адмирим Алити и Директорот на АЕК, Јетон Акику.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата и беше составен следниот предлог дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за дваесет и осмиот состанок за 2025-та година на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од дванаесет и седмиот состанок за 2025-та година на Комисијата на АЕК;
3. Разгледување на трет Квартален извештај ;
4. Разгледување на драфт верзијата на Предлог Годишниот Финансиски план на АЕК за 2026-та година;
5. Разно

Проф. д-р. Орце Симов- Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за дваесет и осмиот состанок во 2025-та година на Комисијата на АЕК.

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од предходниот состанок.

По однос на точка 3, членовите на Комисијата го разгледаа и дискутираа Третиот Квартален Извештај на АЕК за 2025-та година.

По однос на точка 4, членовите на Комисијата ја разгледаа и дискутираа Драфт верзијата на Предлог Годишниот финансиски план за 2026-та година, заедно со Раководителот на Секторот за финансии, Владимир Велкоски.

Членовите на Комисијата ја разгледаа и дискутираа точка 5.

Седницата заврши во 14:30 часот.

Проф. д-р. Орце Симов, Претседател

Анкица Трпковска, Заменик претседател

Анѓелка Диневска. Член

Насер Адеми, член

Адмирим Алити, член